# – Кого го радува Аллах да го спаси од тешкотиите на Судниот ден, нека му олесни на оној што е во тешкотија или нека му го прости долгот.‘“

Од Ебу Катаде, Аллах нека е задоволен со него, се пренесува дека тој го барал должникот, но овој се сокрил од него. Кога конечно го пронашол, должникот му рекол: „,Јас сум во тешка состојба.‘ Ебу Катаде го прашал: ,Се колнеш во Аллах дека е така?‘ Должникот одговорил: ,Се колнам во Аллах.‘ Тогаш Ебу Катаде рекол: ,Навистина, го слушав Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, како вели: – Кого го радува Аллах да го спаси од тешкотиите на Судниот ден, нека му олесни на оној што е во тешкотија или нека му го прости долгот.‘“
[صحيح] [رواه مسلم]

Ебу Катаде ел-Енсари, Аллах нека е задоволен со него, го барал должникот, кој се криел од него. Кога конечно го пронашол, должникот му рекол: „Јас сум во тешка состојба и немам имот за да ти го вратам долгот.“ Тогаш Ебу Катаде, Аллах нека е задоволен со него, го заколнал во Аллах дали навистина нема ништо. Должникот се заколнал во Аллах дека е искрен во тоа што го кажува. Тогаш Ебу Катаде, Аллах нека е задоволен со него, рекол дека го слушнал Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, како вели: ,,Кого го радува тоа Аллах да го спаси од тешкотиите, страдањата и ужасите на Судниот ден, нека му олесни на оној што е во тешкотија – било со продолжување на рокот за враќање на долгот, со намалување на дел од долгот или со целосно простување.‘“

https://sunnah.global/hadeeth/mk/show/4195